# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## ООУ„Вера Јоциќ“, Скопје – Гази Баба

**за период од 2022 до 2024 година**



Јуни, 2024 година

# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ „Вера Јоциќ“ за период

2022/2023 и 2023/2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“161/19година) Општинското основно училиште ООУ„Вера Јоциќ“ изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022/2023 и 2023/2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 03.04.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата со одлука бр.03-77/4 во следниот состав:

1. Катерина Богдановска Костадиноска - педагог
2. Билјана Арсовска - одделенски наставник
3. Јасминка Трајковиќ - наставик по македонски јазик
4. Елена Панова - специјален едукатор и рехабилитатор
5. Анета Ѓуровска – родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2022/2023 и 2023/2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
| --- | --- |
| 1. Планирање, настава и учење | Координатор – Билјана Арсовска<br>1.1. Планирање на наставниците :Даниела Петрушевска, Игор Илиевски<br>1.2. Наставен процес: Ксенија Бојчевска, Марија Трпковска, Никола Попадиновски<br>1.3. Искуство на учениицте од учењето: Елеонора Павловска<br>1.4. Оценувањето како дел од наставата: Тања Урумовска Стреоска, Милена Аргирова<br>1.5. Воннаставни активности: Милена М.Пауновска, Марија Стоилковска |
| 2. Постигања на учениците | Координатор - Јасминка Трајковиќ<br>2.1. Постигнувања на учениците: Весна Аврамовска, Дафина А.Лозановска<br>2.2. Мерки за подобрување на постигнувањата: Елена Колева, Јане Тасев |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Координатор - Елизабета Пејкоска<br>3.1. Училишна клима: Виолета Ванева, Марија Павловска<br>3.2. Еднаквост и правичност: Даниела Наковска<br>3.3. Партнерски однос со заедницата: Ивана Јовановска<br>3.4. Севкупна грижа за учениците:Везира Идризовиќ, Драган Димитровски |
| 4. Управување и раководење | Координатор - Виолета Поповска<br>4.1. Управување и раководење со училиштето: Билјана Лазареска, Мирјана Стојкова<br>4.2. Цели и креирање на училишната политика: Тања Ѓорѓиевска, Рашо Радоњиќ |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на

индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 20.06.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН. Наставниците ги изработуваат сите годишни перспективни,тематско-процесни и дневни подготовки за предметите од задолжителна настава, изборни предмети, час на ученичка заедница,како и дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности. Во реализацијата на наставата наставниците се придржуваат кон насоките добиени од БРО. Родителите и учениците на почетокот на учебната година се запознаваат со наставните планови и програми преку веб страната на БРО и училиштето, преку однапред изготвени брошури од училиштето кои ги добиваат на секој почеток на учебната година,како и од е-дневникот. Во училиштето успешно се спроведува инклузивно образование за учениците со посебни образовни потреби и учениците кои имаат потешкотии во учењето. Училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси. Преку планираните |

| |
|---|
| содржини и активности по предмети, целосно го поттикнуваат развивањето на емоционалниот, личниот и социјалниот развој на учениците од различна родова и етничка припадност.Со ставање акцент на: јакнење на самодовербата, секојдневна соработка, меѓусебно договарање, разрешување на конфликтите на најсоодветен начин.<br>При реализирањето на наставните програми училиштето ги следи приориотетите на општината и имплементира содржини и активности поврзани со културата и традицијата на локалната средина. Стручните активи во училиштето редовно се состануваат и дискутираат за потребите на наставниците поврзани со наставните планови и програми донесени од БРО. Мислењата, ставовите и предлозите донесени на стучните активи се испраќаат до Министерството за образование и наука и Биро за развој на образованието. Се организираат предавања од страна на родителите од разни области, активно учествуваат во организирање хуманитарни акции, ЕКО акции....<br>Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што произлегуваат од потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етничка припрадност и социјално потекло. Преку воннаставните активности учениците се социјализираат, поттикнуваат на креативност, комуникација, толеранција, а со тоа се зголемуваат не само постигањата, туку и нивните претприемнички и други вештини. Во воннаставните активности, особено во секциите опфатени се голем број ученици според нивните индивидуални способности, интереси. Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно меѓународно ниво, каде постигнуваат високи резултати и успеси за што сведочат голем број освоени медали, пехари, дипломи благодарници и пофалницичениците. За афирмирање на воннаставните активности, училиштето соодветно користи различни медиуми: учество на ТВ емисии, детски списанија ( „Развигор“, “Наш свет“ и “Другарче“), веб страна, социјални мрежи, промотивени флаери и слично |
| **Силни страни** |

- 100% од наставниците  редовно и навремено изготвуваат годишни, тематски и оперативни планови, редовно и во согласост со потребите на учениците изготвуваат и индивидуални образовни  планови за деца ПОП, како и програми за индивидуална поддршка на учениците со потешкотии во учењето.
- За 14 ученици со посебни образовни потреби инклузивниот тим за ученик реализира организирани индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење
- Редовно се одржуваат состаноци на стручните активи и разменуваат искуства и идеи, наставниците добиват  поддршката од директорот и стручната служба и професионално се усовршуваат преку посета на семинари и обуки, работилници, конференции, трибини  и вебинари.
- Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем, изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми.
- Задачите и активностите се приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.
- Наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Водат грижа за социо-емоционалниот развој на учениците и за нивната меѓусебна интеракција.
- Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Во нашето училиште се реализираат активности што се фокусирани на родовата, етничката рамноправност, како и мултикултурната сензитивност.
- Наставниците користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.
- Учениците училиштето го доживуваат како безбедна, стимулативна,инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.
- Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво, односно учениците со

помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области.

**Слаби страни**

- Процесот на професионален развој на наставниците се одвива во соработка со БРО, а исто така и со приватни провајдери кои што си ги обезбедуваат самите наставници со сопствени средства.
- **28,6% (8)** од вкупно **28** анкетирани наставници сметаат дека не се врши секогаш дисеминација од спроведените обуки
- На 20 % од наставните часови се користат мал број различни ресурси, како и интерактивни методи и техники за работа
- 25% од учениците сметаат дека оценувањето од страна на наставниците не се врши на транспарентен начин.
- 15.7% од учениците сметаат дека училиштето не организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво

**Приоритети**

- Креирање постапки за мотивирање и селекција на ученици кои ќе учествуваат на натпревари
- Интерен правилник за вршење дисеминација од страна на наставници и стручни соработници по посетена обука, конференција, семинар...

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците според пол, различна етничка припадност и во континуитет врши анализа на постигнатите резултати на учениците по паралелки, по наставни предмети за сите квалификациони периоди за учебната 2022/23 и 2023/24 година и презема активности за нивно подобрување.

Училиштето води еднакво грижа за сите ученици, оние кои покажуваат повисоки резултати и зголемен интерес по различните наставни предмети, како и за оние на кои им е потребна помош или имаат функционална проценка.

| |
|---|
| Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. |
| **Силни страни**<br>Стручната служба ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста<br>• Секое тримесечие се прави анализа на успехот и поведението на учениците и се врши споредба со претходното тримесечие или со претходната учебна година<br>• Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност<br>• Редовно се реализира дополнителна и додатна настава по однапред утврден распоред за подобрување на постигањата на учениците<br>• Училиштето обезбедува услови за запишување на сите ученици од реонот и ученици по посебни образовни потреби<br>• Преку родителски средби, индивидуални и приемни денови наставниците редовно ги известуваат родителите за постигањата, напредокот, поведението и изостаноците на учениците<br>• Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно се применува<br>• Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските наставници и родителите за постигањата на учениците, (на родителски или индивидуални средби или со пристап во Е- дневникот)<br>• Со примена на современи форми и методи во наставата (ИКТ, проекти, презентации, истражувања и сл.) се подобрени постигнувањата на учениците |
| **Слаби страни**<br>Во учебната 2023/2024 се забележува пад на успехот во постигањата кај учениците во однос на претходната 2022/2023 год |

Се идентификуваат потешкотии при преминот (пад на успехот во постигањата кај учениците ) од одделенска во предметна (од 5 во 6 одд).

Најслаби резултати се забележани по следниве наставни предмети: Физика, Германски јазик, Информатика и Математика

**Приоритети**

Спроведување активности за полесна адаптација на учениците при преминот од одделенска во предметна настава

Подобрување на успехот на учениците по предметите математика во предметна настава, физика во осмо и деветто одделение

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Согласно ресурсите со кои располага, материјално технички, финансиски, а особено човечките ресурси училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците. Училиштето води посебно грижа за остварување на својата мисија и визија, како и за здравјето и безбедноста на учениците. Училиштето има Кодекс на однесување и Еко кодекс кои се однесуваат на сите структури: ученици, вработени ( наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. Во неговата изработка учествуваат претставници од сите структури. Постои меѓусебно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки и на учениците и родителите. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето. Ученичката заедница,

односно Ученичкиот парламент на училиштето која ја сочинуваат претставници на ученичките заедници на паралелките работи согласно програмата за работа и се состанува секој месец. На состаноците учениците учествуваат во донесување одлуки и решавање проблеми кои се од нивен интерес. Учениците имаат можност да ги изразат своите креативни потенцијали во наставните и вонnаставнии активности.

Училиштето посветува особено внимание на личните постигањата на учениците и тоа им го овозможува, како преку редовната настава, така и преку вонnаставните активности. Во училиштето на транспарентен начин се избира првенец на генерација. Изборот на „првенец" е комисиски при што се почитуваат принципите на правичност. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво и за тоа има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори. Училиштето има воспоставен систем за континуирно информирање и промовирање на реализираните еколошки содржини.

Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Учениците се запознаваат со нивните права и начините на кои истите можат да ги практикуваат и заштитуваат. На родителите на учениците исто така им е овозможено да се запознаат со правата на нивните деца преку документацијата која училиштето ја има и промовира. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција, традицијата на другите етнички заедници во Македонија. Преку разновидни активности, учениците имаат можност да се запознаваат и да ги почитуваат традициите и културитена сите луѓе во Македонија.

Училиштето планира разновидни активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. За таа цел тоа користи најразновидни форми за комуникација со нив. По завршување на секој класификационен период се организираат родителски средби, отворени денови кога родителите можат да се информираат за успехот и однесувањето на своето дете, како и преку Е-дневник, е-пошта и СМС пораки.

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во образованието и животот на нивните деца преку предавања во врска со одредени професии и теми од областа на здравјето, во вонnаставни и проектни активности, екскурзии од научен и

| |
|---|
| рекреативен карактер, организирани хепенинзи и други манифестации кои се спроведуваат во училиштето.<br><br>Родителите партиципираат во Советот на родители на паралелките и на ниво на училиште, како и во Училишниот одбор на училиштето, пришто нивниот избор се врши на најдемократски начин. Родителите имаат можност да бидат информирани за работата на училиштето не само во пишана форма, туку и по електронски пат преку веб страната на училиштето.<br><br>Училиштето е отворено за соработка и со локалната заедница со стопанските организации во неа, како и со невладиниот сектори таа соработка е заемна. Во рамките на своите можности локалната заедница и бизнис секторот помагаат за одвивање на севкупната воспитно -образовна дејност на училиштето. |
| **Силни страни**<br><br>►Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница.<br>►Училиштето спроведува воннаставни активности и за афирмирање на воннаставните активности, соодветно ги користи различните медиуми (на пр. училишен весник, училишно радио, интернет- страница, социјални мрежи, ученичко катче и сл.).<br>► Училиштето има изградено систем за промовирање на постигањата на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина.<br>► Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури.<br><br>► Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура.<br><br>► Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика и има примери од спроведувањето. |

► Училиштето има воспоставено редовни процедури за ажурирање на содржината на кодексот на однесување, кој ги вклучува сите засегнати страни.

► Меѓу сите учесници во училишниот живот постои заемно почитување и вклученост во активностите во училиштето. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените.

► Раководниот, наставниот кадар и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето.

► Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето.

► Сите ученици се чувствуваат безбедно и прифатено од возрасните и од другите ученици во училиштето.

► Училиштето има куќен ред кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности.

► Учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци.

Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Постојат најмалку пет реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент.

► Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат.

► Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето.

► Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето.

► Училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа,

| |
|---|
| хуманитарни и невладини организации и деловната заедница) за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства.<br>► Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење. |
| **Слаби страни**<br><br>► Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Но приличен број од родителите 21,1% немаат информација односно не се запознаени со истиот. Ова укажува на потребата од поголемо вклучување на родителите во запознавањето со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство.<br>► Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците но тоа не е доволно. За таа цел потребно е да се интензивираат активностите во поглед на организирање сопствени активности и користење промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците. Училиштето да ја зголеми соработката со родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат. |
| **Приоритети**<br><br>Спроведување на заеднички активности (работилници, трибини и сл). за вклучување во превенција и постапување во случаи на насилство<br><br>Сроведување активности за поголема поддршка при избор на понатамошно образование на учениците |
| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа. Со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос, а соработката е на солидно ниво. Нема случаи на одложување или неодржување седници поради немање кворум за работа. |

| |
|---|
| Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи во согласност со распоредот за работното време на библиотекарот. Учениците можат да земат книга/лектира од училишната билиотека.<br><br>Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Најголем број од наставниците сметаат дека училиштето ги поттикнува стручно да се усовршуваат. Постои практика за вршење дисеминација на обуки, иако не секогаш конзистентна и по сите правила. Училиштето организира и го вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите, образовните реформи и современтите образовни текови.<br><br>Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.<br>Планирањето и управувањето со училишниот буџет е клучен аспект за обезбедување на ефективно и ефикасно функционирање на училиштето. Овој процес вклучува внимателно планирање, распределба и контрола на финансиските ресурси, со цел да се обезбедат сите потребни услови за висококвалитетно образование. |
| **Силни страни**<br>-Училишниот одбор е конституиран во согласност со Законот за основно образование<br>-Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган<br>-При процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет вклучени се најголем број чинители<br>-Училиштето обезбедува потрошен материјал и наставни средства за реализација на наставните и воннаставните активности<br>-Современо уредена училишна библиотека, која располага со компјутер и има пристап до интернет<br>-Училиштето има соодветен, квалитетен и компетентен наставен кадар и стручни соработници<br>-Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови |

| |
|---|
| -Раководниот орган работи тимски<br>-Буџетот се користи за равојот на училиштето |
| **Слаби страни**<br>- Дел од наставниците тврдат дека треба училиштето треба да има изготвено процедура за оддавање на признание за поголема мотивираност на вработените<br>- Дел од наставниците и родителите тврдат дека треба да добиваат повеќе информации за планот и реализацијата на училишниот буџет<br>- Дел од наставниците не вршат дисеминација по посетена обука, семинар, конференција и сл. |
| **Приоритети**<br>- Донесување одлука и процедура за оддавање признание на вработените<br>- Донесување правилник за дисеминирање на посетени обуки, конгреси, со цел подобрување на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници<br>- Замена на оградата и капиите |

Комисија за спроведување на СЕУ:

Катерина Богдановска Костадиноска - педагог

Билјана Арсовска - одделенски наставник

Јасминка Трајковиќ - наставик по македонски јазик

Елена Панова - специјален едукатор и рехабилитатор

Анета Ѓуровска - родител